Врз основа на член 114 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/18) и член 64, т. 23 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463, 18.X 2019 год.), деканот на Филозофскиот факултет во Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за именување на Координатор за индексација на научните списанија на Филозофскиот факултет**

**Член 1**

Проф. д-р Владимир Трајковски се именува за координатор за индексација на научните списанија на Филозофскиот факултет.

**Член 2**

Мандатот на координаторот за индексација на научните списанија на Филозофскиот факултет ќе трае до 31.08.2024 година, со можност за повторно именување.

**Член 3**

Координаторот за индексација на научните списанија ги има следните обврски и тоа:

- Изработка на Водич за индексација на научни списанија во меѓународни Академски бази на податоци и списанија (Web of Science, Scopus, EBSCO и други),
- Поднесување на апликации за индексација на научните списанија во меѓународни Академски бази на податоци и списанија (Web of Science, Scopus, EBSCO и други),
- Доставување на сугестии за техничко обликување на веб страните на периодиката на Филозофскиот факултет-Скопје,
- Координација со продеканот за наука и меѓународна соработка за текот и исходите од поднесените апликации за индексација на научните списанија во научните списанија на Филозофскиот факултет-Скопје,
- Координација со продеканот за наука и меѓународна соработка заради закажување на состанок со уредниците на научните списанија на Филозофскиот факултет- Скопје (по потреба).

**Член 4**

Координаторот за индексација на научните списанија е должен доколку има реализирани активности да доставува квартални извештаи до деканот.

За реализираните активности доставени во кварталните извештаи врз основа на одлука од страна на деканот може да му се исплаќа надоместок во зависност од обемот и учинокот на реализираните активности. Износот на надоместокот ќе биде во висина од 250 бода до 1000 бода во зависност од обемот и учинокот на реализираните активности.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно со утврдената фактичка состојба со цел зголемување на видливоста на списанијата во издание на факултетот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлуката да се достави на: именуваниот, декан, продекани, web страната на факултетот, Одделението за човечки ресурси и настава, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално и работење и архивата.

ДЕКАН
на Филозофски факултет

_________________________

Проф. д-р Ратко Дуев

Одобрил: проф. д-р Маја Геровска Митев